Приватна високообразовна установа
- Висока стручна школа
ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА
Бр. 02-329/2
09 07 2021 год.
СКОПЈЕ

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО ЗВАЊЕ ОД ОБЛАСТА НА ЕКОЛОШКА ЕКОНОМИЈА НА Приватната високообразовна установа-Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА СКОПЈЕ

Со одлука на Наставничкиот совет на Приватната високообразовна установа-Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во наставно звање од областа на Еколошка економија на Приватната високообразовна установа-Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневниот весник „Слободен печат" на 30.06.2021 година, и во предвидениот рок се пријави кандидатот м-р Сандра Спирова.

Врз основа на приложената документација, деталниот увид во истата и нашето познавање на кандидатот, на Наставничкиот совет на Приватната високообразовна установа-Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје го поднесуваме следниот:

## ИЗВЕШТАЈ

### Биографски податоци и образование

М-р Сандра Спирова е родена на 08.07.1991 година, во Скопје, Република Македонија. Средно училиште завршила во гимназијата „Орце Николов" во Скопје.

Во 2011 година се запишала на додипломски студии на Факултет за бизнис економија - Скопје, каде што во 2014 успешно ги завршува студиите со просечна оценка 9.36, и се стекнала со звањето Дипломиран економист од областа на Маркетинг менаџмент.

Академското образование го продолжува на постдипломски студии на Приватниот научен Институт за бизнис економија, каде што во 2020 година успешно го одбранува својот магистерски труд и се стекнува со звањето Магистер на економски науки од областа на Еколошка економија. Магистерските студии ги завршува со просечна оценка 8.00.

### Наставно образовна и научно истражувачка дејност

Во периодот додека е на постдипломски студии кандидатката м-р Сандра Спирова била вклучена во научно-истражувачката работа на неколку меѓународни проекти каде

имала можност да соработува и размени искуства со истражувачи од врвни европски универзитети и научно-истражувачки институции. Сето тоа, вклучувајќи ја и истражувачката работа на сопствениот магистерски труд и овозможило стекнатите сознанија да ги презентира на соодветни меѓународни конференции и собири. Проектите на кои кандидатката била вклучена како соработник истражувач, како и ушествата на мешународни конференции и симпозиуми, и објавените трудови се дадени како што следува:

*Учество на научно-истражувачки проекти:*

1. Strategic Partnership for Innovation and Development of Entrepreneurship (SPIDE) (јануари 2017-Декември 2018)

2. Economics of sustainability (EoS) (од Јануари, 2020-досега)

3. Самовработување 2020, АППРМ

*Учество на меѓународни конгреси:*

1. Sandra Spirova, Aneta Vasiljevic-Shikaleska, *"Residential heating with wood and wood pellets: life cycle cost analysis and air quality impacts"*, X INTERNATIONAL CONFERENCE ON SOCIAL AND TECHNOLOGICAL DEVELOPMENT – STED 2021, Trebinje, June, 03-06, 2021, Republic of Srpska, B&H (poster presentation)
2. Sandra Spirova, Aneta Vasiljevic-Shikaleska, *"Air pollution: awareness and practice in the scope of household heating"*, MIRDEC - Masters International Research & Development Center and GLOBECOS - Global Community of Social Science, Mutual Online/virtual 4th International Academic Conference, Contemporary Issues and Social Science Studies 26-27 May 2021, Rome, Italy (attendance with abstract)

*Објавени трудови во меѓународни списанија и зборници од конгреси*

1. Sandra Spirova, Aneta Vasiljevic-Shikaleska, *"Residential heating with wood and wood pellets: life cycle cost analysis and air quality impacts"*, Journal of Sustainable Development, accepted for publishing
2. Sandra Spirova, Aneta Vasiljevic-Shikaleska, *"Air pollution: awareness and practice in the scope of household heating"*, Conference Proceedings, MIRDEC - Masters International Research & Development Center and GLOBECOS - Global Community of Social Science

Покрај научно-истражувачката работа, м-р Сандра Спирова истовремено работи во повеќе маркетинг агенции како маркетинг менаџер и менаџер за настани, а од неодамна е и ко-основач на мал бизнис, што податоци несомнено индицира дека се работи исклучително трудољубива кандидатка која посветено работи на повеќе полиња и е подготвена и понатаму да го развива свјот потенцијал и да се стекнува со нови сознанија.

Имајќи го предвид погоре наведеното на Наставничкиот совет на Приватната високообразовна установа-Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје го даваме следниот:

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија, по увидот на документацијата поднесена со пријавата за распишан конкурс за избор на еден наставник во наставно звање од областа на Еколошка економија, констатира дека кандидатката м-р Сандра Спирова ги исполнува формалните услови согласно Законот за високо образование, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставни и соработнички звања на ПВУ-ВСШ „Факултет за бизнис економија“ во Скопје и распишаниот конкурс.

Согласно Правилникот за критериуми и постапката за избор на наставни и соработнички звања на Факултет за бизнис економија Скопје кандидатката м-р Сандра Спирова има 28.5 поени кои се однесуваат на целокупната активност.

Познавајќи го лично кандидатот и имајќи ги во предвид севкупните активности Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и оценува кандидатката м-р Сандра Спирова како исполнителна и трудољубива личност, која ги има потребните квалитети и потенцијал да биде вклучена и да напредува соодветно во високообразовната дејност и истражувачка работа, со што може да се констатира дека покажува способност и капацитет за наставно-образовна и научно-истражувачка дејност кои се потребни за извршување на избор согласно конкурсот.

Врз основа на претходно изнесеното, Рецензентската комисија му предлага на Наставничкиот совет да ја избере кандидатката м-р Сандра Спирова во наставно звање **предавач од областа на Еколошка Економија** на Приватната високообразовна установа-Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

1. Проф. д-р Анета Васиљевиќ-Шикалеска,
2. Проф. д-р Слаџана Стојановска,
3. Проф. д-р Жанина Кировска,